ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-7762/2
Дата, Data 03-11-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за јавните претпријатија и член 41 став 2 од Статутот на ЈП Водовод и канализација Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Водовод и канализација -Скопје на триесет и шеста седница одржана на ден 03.11.2025 година, го дава следното

# М И С Л Е Њ Е

1. Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Водовод и канализација –Скопје го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Водовод и канализација Скопје арх.бр.0302-7751/1 од 03.11.2025, за период од 01.01.2025 до 30.09.2025 година споредено со период 01.01.2024 до 30.09.2024 година.

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење дава ПОЗИТИВНО мислење за Извештајот за работењето на ЈП Водовод и канализација Скопје арх.бр.0302-7751/1 од 03.11.2025, за период од 01.01.2025 до 30.09.2025 година споредено со период 01.01.2024 до 30.09.2024 година и му предлага на Управниот одбор да го усвои.

2. Ова мислење да се достави до Управниот одбор.

Надзорен одбор за контрола на
материјално-финансиското работење
Претседател,
Никола Несторовски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • NDËRMARJA PUBLIKE UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI • СКОПЈЕ SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ
## за финансиското работење
## на
## ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА СКОПЈЕ

**период**
**од 01.01- 30.09.2025 година**



**Октомври, 2025 година**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDERMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-7751/1
Дата, Data 03-11-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

# 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1 ПРАВЕН СТАТУС

Јавното претпријатие „Водовод и канализација" – Скопје е основано со Одлука за поделба на претпријатието ЈКП Комуналец, во повеќе посебни претпријатија, заведено под број 02-8800/7 од 08.10.1992 година. Врз основа на наведената одлука, извршено е регистрирање во судскиот регистар на Окружниот стопански суд во Скопје, со решение под бр. 1660/92 од 29.12.1992 година.
Управниот одбор на ЈП „Водовод и канализација" – Скопје, донесе Статут заведен под бр. 0202-6023/4 од 09.05.2018 година, за кој претпријатието обезбеди согласност од Советот на Град Скопје.
Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје е заведено во Трговскиот регистар во Основниот суд Скопје 1, според решение, П трег бр. 8116/05 од 23.01.2006 година и изврши усогласување со Законот за јавни претпријатија, со решение трег бр. 6432/99 од 15.10.2001 година, со што е извршено усогласување на основните акти на Јавното Претпријатие со Законот за јавни претпријатија.
Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје е основано од страна на Градот Скопје.

## 1.2. ДЕЈНОСТ

Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје врши дејност согласно последното усогласување со националната класификација на дејности и тоа:

Основна дејност на Претпријатието е:
36 ***Собирање, обработка и снабдување со вода***
36.000 Собирање, обработка и снабдување со вода
37 ***Отстранување на отпадни во***
37.000 Отстранување на отпадни води
Покрај основната дејност, Претпријатието обавува и други дејности:
43.2 ***Електроинсталатерски, водовоинсталтерски и други градежни инсталтерски работи***
43.220 Поставување водоводни и канализациски инсталации и инсталации за греење и клима-уреди
71 ***Архитектонски дејности и инженерство; техничко испитување и анализа***
71.1 Архитектонски и инжинерски дејности и поврзано техничко советување
71.110 Архитектонски дејности
71.120 Инжинерски дејности и поврзано техничко испитување
71.2 ***Техничко испитување и анализа***
71.200 Техничко испитување и анализа

## 1.3 ОРГАНИЗАЦИСКА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА

Јавното претпријатие „Водовод и канализација" – Скопје , се организира така што дејноста ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите;
2. Техничко - технолошко и економско единство на системот ;
3. Ефикасност и транспарентност во работењето;
4. Развој и усогласеност на сопствениот развој во вкупниот стопански развој на град Скопје;
5. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
6. Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците и
7. Самостојност, еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

Претпријатието се организира во следните организациони единици :

**А) СЕКТОРИ**

- Сектор Водовод;
- Сектор Канализација;
- Сектор Механизација;
- Сектор Експлоатација и одржување на капацитети;
- Сектор Третман на отпадни води;
- Сектор за Технички работи и развој;
- Сектор Финансии, сметководство и комерција;
- Сектор Правни и општи работи;
- Сектор Наплата;
- Сектор Човечки ресурси;
- Сектор Меѓународна соработка,проекти и односи со јавност;
- Сектор за ИТ и развој ;
- Сектор Дежурно информативни работи;
- Сектор Санитарна контрола;

**Б) САМОСТОЈНИ ОДДЕЛЕНИЈА**

- Одделение за внатрешна ревизија;
- Одделение за професионална одговорност;
- Одделение за јавни набавки.

Во состав на организационите единици - Сектори се формираат одделенија, а во состав на одделенијата во зависност од техничко-технолошките карактеристики на процесот на работа може да се формираат и микро организациони единици- реони, пунктови и/или оддели.

ЈП Водовод и канализација Скопје, е субјект кој обезбедува единствено услуги поврзани со вода – водоснабдување, одведување и прочистување на урбани отпадни води во градот и голем број на приградски населби.

## 1.4 ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Органи на управување во Јавното претпријатие „Водовод и канализација" – Скопје се:

- Управен одбор составен од 13 (тринаесет) члена, со мандат од 4 (четири) години, кои ги именува и разрешува Советот на Град Скопје;
- Одбор за контрола на материјално-финансиско работење, составен од 5 (пет) члена, со мандат од 4 (четири) години, исто така избрани и назначени од Советот на Град Скопје;
- Директор, со мандат од 4 години, кого го именува и разрешува Градоначалникот на Град Скопје.

## 1.5 ТРАНСАКЦИСКИ СМЕТКИ

ЈП Водовод и канализација – Скопје активностите ги извршува преку следните сметки, на ниво на правно лице:

| *Вид на сметка* | *Жиро сметка* | *Депонент банка* |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 320100031345745 | Централна Кооперативна банка |
| Денарска сметка | 300000000536834 | Комерцијална банка – Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| Денарска сметка | 300000002626311 | Комерцијална банка – Наменска сметка за исплата на плата и надоместоци од плата |
| Денарска сметка | 300000002641249 | Комерцијална банка - Наменска сметка за прием на депозит за учество на тендер |
| Денарска сметка | 300000003801854 | Комерцијална банка – Наменска сметка за деловни потреби |
| Денарска сметка | 300000003904480 | Комерцијална банка – Наменска банка за уплата од граѓани (фолио број) |
| Денарска сметка | 300000005010862 | Комерцијална банка – Проек.и изград.на пречистит.станица за отпадни води СК-ЕБРД бр.50376 |
| Денарска сметка | 300000005013772 | Комерцијална банка- Проек. И изградба на пречистит.станица за отпадни води ЕИБ бр.80-649 |
| Денарска сметка | 300000005025218 | Комерцијална банка- Проек. И изградба на пречистит.станица за отпадни води ВБИФ бр.96578 |
| Денарска сметка | 300000005088753 | Комерцијална банка – Упр. Со дог. И надзор на изградба на преч.станица на одпадни води ЕБРД – бр.50376 |
| Денарска сметка | 300000005088947 | Комерцијална банка – Упр. Со дог. И надзор на изградба на преч.станица на одпадни води ЕИБ – бр80-649 |
| Денарска сметка | 3000000005089141 | Комерцијална банка – Упр. Со дог. И надзор на изградба на преч.станица на одпадни води ВБИФ – бр.96578 |
| Денарска сметка | 300000005358219 | Комерцијална банка -Консултантски услуги за техничка помош за преч.станица на отпадни води ЕИБ |

| | | |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 300000005358413 | Комерцијална банка -Консултантски услуги за техничка помош за преч.станица на отпадни води ВБФИ |
| Девизна сметка | 0-270100107578 | Комерцијална банка – девизна |
| Девизна сметка | 0-270100410319 | Упр.со дог. И надзор над изград.на преч. стан.за одпадни води |
| Девизна сметка | 0-270100410335 | Проект и изград.на преч. стан.за одпадни води |
| Девизна сметка | 0-270100432126 | Консултантски услуги за техничка помош преч.станица за отпадни води |
| Денарска сметка | 210045289990132 | Тутунска банка - Парични средства на трансак.сметка во денари |
| Денарска сметка | 210045289990811 | Тутунска банка- Наменска банка за уплата од граѓани(фолио број) |
| Денарска сметка | 200001170462617 | Стопанска банка - Парични средства на транс.сметка во денари |
| Денарска сметка | 200002931409250 | Стопанска банка - Наменска банка за уплата од граѓани |
| Денарска сметка | 500000000729467 | Стопанска банка АД Битола - Парични средства на трансакц сметка во ден |
| Денарска сметка | 240010000862407 | Уни банка - Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| Денарска сметка | 250028000016522 | Шпаркасе банка - Парични средства на транс.сметка во денари |
| Денарска сметка | 250001002678247 | Шпаркасе банка - Наменска сметка за исплата на плата |
| Денарска сметка | 250101000435893 | Шпаркасе банка - Наменска банка за уплата од граѓани (фолио ) |
| Денарска сметка | 270045289990139 | Халк банка - Парични средства на трансакц. сметка во денари |
| Денарска сметка | 270045289990333 | Халк наменска банка-услуги од граѓани-(фолио број) |

## 1.6 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Вкупниот број на вработени во ЈП Водовод и Канализација - Скопје по кадрова евиденција со состојба 30.09.2025 година изнесува 1,062 работници или за 0.66 % повеќе, споредени со состојба на 30.09.2024 година кога бројот на работниците изнесува 1,055 работници.

Просечниот број на вработени по работни места за првото деветомесечие за 2025 година изнесува 1,050 работници или за 0.86 % повеќе споредени со 2024 година, кога бројот на просечно вработени изнесува 1,041 работници.

За периодот 01-09/2025 година просечниот број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период во апсолутен износ изнесува 1,071 работник, зголемен е за 0.37 % во однос на 01-09/2024 година, кога просечниот број на вработени врз основа на часови на работа изнесуваше 1,067.

## 2. ОСТВАРЕНИ ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 01.01-30.09.2025 година ЈП Водовод и канализација – Скопје искажува негативен финансиски резултат - загуба од редовното работење пред оданочување во износ – 93,554,454 денари.

Согласно од Законот за данок од добивка (Службен весник на РМ бр.112/14) данокот од добивка се пресметува врз основа на добивката утврдена во даночниот биланс зголемена за непризнаени расходи за даночни цели и истиот за период од 01 - 09.2025 година искажан во даночниот биланс изнесува **7.959,782** денари пресметан врз основа на непризнаени раходи за даночни цели по даночна стапка од 10%.

Остварената загуба по оданочување во период од 01.01.2025 година до 30.09.2025 година изнесува **-101,514,236** денари.

| *Р.б.* | *Назив* | *I квартал (01-03.2025)* | *II квартал (04-06.2025)* | *III квартал (07-09.2025)* | *01-09.2025* | *01-09.2024* | *Индекс* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупни приходи од работењето | 408,054,808 | 429,625,366 | 466,867,342 | 1,304,547,516 | 1,228,323,777 | 6.21 |
| 2 | Вкупни расходи од работењето | 374,940,694 | 522,929,688 | 509,357,651 | 1,407,228,033 | 1,312,746,056 | 7.2 |
| 3 | Добивка/Загуба од редовно работење (1-2) | 33,114,114 | -93,304,322 | -42,490,309 | -102,680,517 | -84,422,279 | |
| 4 | Вкупно финансиски приходи | 7,373,623 | 7,590,195 | 7,855,180 | 22,818,998 | 19,340,687 | 17.98 |
| 5 | Вкупно финансиски расходи | 3,217,742 | 5,523,156 | 4,952,037 | 13,692,935 | 19,421,202 | -29.49 |
| 6 | Добивка/загуба пред одданочување(3+4-5) | 37,269,995 | -91,237,283 | -39,587,166 | -93,554,454 | -84,502,794 | |
| 7 | Данок од добивка по Даночен биланс | 2,972,503 | 2,819,415 | 2,167,864 | 7,959,782 | 9,518,942 | |
| ***8*** | ***Добивка/Загуба по оданочување*** | ***34,297,492*** | ***-94.056.698*** | ***-39,587,166*** | ***-101,514,236*** | ***-94,021,736*** | |

## 2.1 БИЛАНС НА УСПЕХ

За периодот од 01.01.2025 до 30.09.2025 спореден со билансот на успех за периодот од 01.01.2024 до 30.09.2024 год.

| р. бр. | Биланс на успех | АОП | *Износ* | |
|---|---|---|---|---|
| | | | *Тековна година (01-30.09.2025)* | *Претходна година (01-30.09.2024)* |
| 1 | **I.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)** | **201** | **1.304.547.516** | **1.228.323.777** |
| 2 | Приходи од продажба | 202 | 1.179.923.817 | 1.142.649.848 |
| 3 | Останати приходи | 203 | 111.919.618 | 84.406.376 |
| 5 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 206 | 12.704.081 | 1.267.553 |
| 6 | **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+2010+211+212+213+218+219+ 220+221+222)** | **207** | **1.407.228.033** | **1.312.746.056** |
| 7 | Трошоци за суровини и други материјали | 208 | 267.223.304 | 226.893.303 |
| 9 | Набавна вредност на продадени материјали,резервни делови,ситен инвентар,амбалажа и автогуми | 210 | 362.971 | 131.990 |
| 10 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 211 | 70.010.230 | 60.123.526 |
| 11 | Останати трошоци од работењето | 212 | 65.031.127 | 54.523.934 |
| 12 | Трошоци за вработените (214+215+216+217) | 213 | 610.587.298 | 562.263.782 |
| 12-а | Плати и надоместоци на плата(нето) | 214 | 397.423.273 | 367.143.539 |
| 12-б | Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 215 | 33.461.771 | 30.604.264 |
| 12-в | Придонес од задолжително социјално осигурување | 216 | 173.090.314 | 159.752.195 |
| 12-г | Останати трошоци за вработените | 217 | 6.611.940 | 4.763.784 |
| 13 | Амортизација на материјални и нематеријални средства | 218 | 154.199.432 | 171.961.783 |
| 15 | Вредносно усогласување (обезвреднување) | 220 | 227.861.402 | 223.608.955 |
| 17 | Останати расходи од работењето | 222 | 11.952.269 | 13.238.783 |
| 18 | **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)** | **223** | **22.818.998** | **19.340.687** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Финансиски приходи од односи со поврзани друштва** | **224** | / | / |
| 21 | Приходи по основ на камати од работењето со неповрзани друштва | 230 | 18.931.842 | 19.340.415 |
| 22 | Приходи по основ на курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | **231** | 3.887.156 | 272 |
| 25 | **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)** | **234** | **13.692.935** | **19.421.202** |
| 27 | Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 239 | 2.900.402 | 7.435.601 |
| 28 | Расходи по основ на курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | 240 | 6.423.940 | 744.121 |
| 31 | Останати финансиски расходи | 243 | 4.368.593 | 11.241.480 |
| 34 | **Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)** | **246** | / | / |
| 35 | **Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244)** | | **93.554.454** | **84.502.794** |
| 39 | Добивка пред оданочување (246+248) или 246-249) | | | |
| 40 | Данок на добивка | 252 | 7.959.782 | 9.518.942 |
| 43 | **Нето добивка за деловната година (250-252+253-254)** | | / | / |
| 44 | **Нето загуба за деловната година (250-252+253-254** | **256** | **101.514.236** | **94.021.736** |
| | Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 257 | 1.071 | 1.067 |
| | Број на месеци на работење | 258 | 9 | 9 |

Во продолжение дадени се расчленети сите приходи и расходи по категории, нивната структура и споредба со изминатата година, причините кои влијаеле на нивната висина и идејните планови и стратегии на Претпријатието за задржување на позитивните трендови и надминување на негативните влијанија.

## I.Приходи од работењето

### 1. Приходи од продажба

| Рб | К-то | Елементи | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09.2025 | Стр | 01-09.2024 | Стр | Инд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи и услуги | 361,130,270 | 384,937,160 | 433,721,629 | 1,179,789,059 | 99.99 | 1,142,526,024 | 99.99 | 3.26 |
| 2 | 742 | Приходи од продажба на услуги во странство | 10,934 | 0 | 10,946 | 21,880 | 0 | 10,946 | 0 | 99.9 |
| 3 | 747 | Приходи од наемнини | 37,626 | 37,626 | 37,626 | 112,878 | 0.01 | 112,878 | 0.01 | 0 |
| | | **Вкупно:** | **361,178,830** | **384,974,786** | **433,770,201** | **1,179,923,817** | **100** | **1,142,649,848** | **100** | **3.26** |

Приходите од продажба на производи и услуги по видови, како и поделбата на приходите од продажба на вода по категории корисници (домаќинство и стопанство) се дадени во следната табела:

| Рб | К-то | Приходи од продажба | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09.2025 | Стр | 01-09.2024 | Стр | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 74011 740010 | **Приходи од продажба на водни услуги** | **348,987,393** | **372,362,274** | **420,995,722** | **1,142,345,389** | 96.82 | **1,107,806,461** | 96.95 | 3.12 |
| 1а | 740011 | *Приходи од продажба на водни услуги домаќинство* | *209,451,400* | *228,277,423* | *254,292,750* | *692,021,573* | 58.65 | *677,402,127* | 59.28 | 2.16 |
| 1б | 740010 | *Приходи од продажба на водни услуги стопанство* | *139,503,227* | *144,062,625* | *166,677,572* | *450,243,424* | 38.16 | *430,404,334* | 37.67 | 4.61 |
| 1в | 740105 | *Приходи од продажба на вода без ДДВ за проекти* | *32,766* | *22,226* | *25,400* | *80,392* | 0.01 | *120,720* | 0.01 | -33.41 |
| 2 | 740011 11 | **Приходи од манипулативни трошоци** | **246,246** | **133,386** | **136,804** | **516,436** | 0.04 | **394,523** | 0.03 | 30.9 |
| 3 | 740100 - 740101 4 и 740104 | **Приходи од услуги** *(приклучоци, хту, отпуш. канализа, испитувањеводомер хлорирање, анализа на вода, дефекти)* | **4,512,955** | **4,767,504** | **5,021,239** | **14,301,698** | 1.21 | **13,734,975** | 1.2 | 4.13 |
| 4 | 740102 | **Приходи од услуги на поврзани субјекти** | **7,383,676.00** | **7,673,996** | **7,567,864** | **22,625,536** | 1.92 | **20,468,144** | 1.79 | 10.54 |
| 5 | 742 | **Приходи од продажба на услуги во странство** | **10,934** | **0** | **10,946** | **21,880** | 0 | **10,946** | 0 | 99.89 |
| 6 | 747 | **Приходи од наемнини** | **37,626** | **37,626** | **37,626** | **112,878** | 0.01 | **112,878** | 0.01 | 0 |
| | | **Приходи од редовно работење** | **361,178,830** | **384,974,786** | **433,770,201** | **1,179,923,817** | 100 | **1,142,648,647** | 100 | 3.26 |

Приходите од продажба на услуги по категории се поделени на:

- Приходи од водни услуги (продажба на вода, одведување на отпадни води и прочистување на урбани отпадни води)
- Приходи од други извршени услуги (хидротехнички услуги, услуги за приклучување на водоводна и канализациона мрежа, хлорирање, испитување и промена на водомери, анализа на вода, отпушување на канализација, утврдување на дефекти)
- Приходи од извршени услуги во работењето со поврзани субјекти
- Приходи од наемнини

Приходите од продажба на водни услуги учествуваат со 96,82% во вкупните приходи од продажба остварени за период од 01-09/2025 година и истите се зголемени за 3,12% во однос на претходниот анализиран период, односно во апсолутна бројка **зголемување во износ од 34,538,928 денари.**

Приходите од продажба на водни услуги бележат:

- зголемување на приходите од продажба на водни услуги кај категоријата домаќинство за 2,16% во однос на периодот 01-09/2024 година или во износ од **14,619,446.00 денари**
- зголемување на приходите од продажба на вода кај категоријата стопанство за 4,61% во однос на периодот 01-09/2024 година, или во износ од **19,839,090.00 денари.**

Согласно член 16 од Законот за утврдување на цени на водните услуги (Службен весник на РМ бр.7/15), Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ донесе Решенија за утврдување на висината на регулаторна тарифа за водна услуга. Решенијата се објавени во Службен весник на РСМ бр.182 од 01.09.2025 година за регулиран период 2025-2026.

## 2. Фактурирана реализација 01-09/2025

| *Категорија на потрошувачи* | *I квартал (01-03.2025)* | *II квартал (04-06.2025)* | *III квартал (07-09.2025)* | *01-09.2025* | *01-09.2024* | *Инд.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Домаќинство** | | | | | | |
| Водоснабдување | 6,610,190 | 7,266,797 | 8,921,257 | 22,798,244 | 22,036,402 | 3.46 |
| Одведување на урбани отпадни води | 5,758,010 | 6,305,023 | 7,717,707 | 19,780,740 | 18,875,400 | 4.80 |
| Прочистување | 5,758,010 | 6,305,023 | 7,717,707 | 19,780,740 | 18,875,400 | 4.80 |
| **Стопанство** | | | | | | |
| Водоснабдување | 3,213,986 | 3,204,479 | 3,187,890 | 9,606,355 | 9,608,217 | -0.02 |
| Одведување на урбани отпадни води | 1,946,448 | 1,914,105 | 2,573,377 | 6,433,930 | 6,229,633 | 3.28 |
| Прочистување | 1,946,448 | 1,914,105 | 2,573,377 | 6,433,930 | 6,229,633 | 3.28 |
| ***Вкупно Водоснабдување*** | ***9,824,176*** | ***10,471,276*** | ***12,109,147*** | ***32,404,599*** | ***31,644,619*** | ***2.40*** |
| ***Вкупно Одведување на отпадни води*** | ***7,704,458*** | ***8,219,128*** | ***10,291,084*** | ***26,214,670*** | ***25,105,033*** | ***4.42*** |
| ***Вкупно Прочистување*** | ***7,704,458*** | ***8,219,128*** | ***10,291,084*** | ***26,214,670*** | ***25,105,033*** | ***4.42*** |

За период од 01-09/2025 година, вкупно фактурирана количина за водната услуга – водоснабдување изнесува **32.404.599 м3**, и се бележи зголемување 2.40% во однос на 01-09/2024 година, за водната услуга Одведување на отпадни води ***26,214,670*** **м3** се бележи исто така зголемување од 4,42% во однос на 01-09/2024 година, и за прочистување на отпадни води ***26,214,670 м3***, и бележи зголемување од 4,42% во однос на 01-09/2024 година.

## 3.Прилив на средства

Приливот на средства од водни услуги во претпријатието (без делот за Паркови и зеленило) за анализираниот период по категории на корисници даден е во следниот преглед:

| Рб | Категорија на потрошувачи | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09/2025 | 01-09/2024 | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Домаќинство | 191.367.176 | 189.076.310 | 194.891.798 | 575.335.284 | 546.084.268 | 5,36 |
| 2 | Стопанство | 121.487.070 | 128.240.764 | 135.192.798 | 384.920.632 | 319.167.253 | 20,60 |
| | **Вкупно** | **312.854.246** | **317.317.074** | **330.084.596** | **960.255.916** | **865.251.521** | **10,98** |

Приливот на средства во претпријатието за водни услуги кои ги дава претпријатието за периодот од 01-09/2025 се намалени за 10,98% во поглед на наплатата на редовните и на тужените побарувања од делот домаќинство и стопанство споредбено со 01-09/2024.

**Домаќинство:**

| Рб | Категорија на потрошувачи | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09/2025 | 01-09/2024 | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Редовни сметки | 168.220.614 | 167.358.553 | 177.280.504 | 512.859.671 | 497.837.677 | 3,02 |
| 2 | Тужени сметки | 23.146.562 | 21.717.757 | 17.611.294 | 62.475.613 | 48.246.591 | 29,49 |
| | **Вкупно** | **191.367.176** | **189.076.310** | **194.891.798** | **575.335.284** | **546.084.268** | **5,36** |

Приливот на средства кај категоријата домаќинство е зголемен за 5,36%, као резултат на зголемената наплата на редовни и тужени побарувања од спроведена акција за наплата без камата.

**Стопанство:**

| Рб | Категорија на потрошувачи | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09/2025 | 01-09/2025 | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Редовни сметки | 117.956.926 | 123.498.770 | 129.052.201 | 370.507.897 | 311.826.714 | 18,82 |
| 2 | Тужени сметки | 3.530.144 | 4.741.994 | 6.140.597 | 14.412.735 | 7.340.539 | 96,34 |
| | **Вкупно** | **121.487.070** | **128.240.764** | **135.192.798** | **384.920.632** | **319.167.253** | **20,60** |

Кај категоријата стопанство приливот на средствата за редовните и тужените побарувања се зголемени за 20,60%, односно во делот на тужените побарувања за 96,34% како и на редовните побарувања за 18,82%.

## 4.Останати приходи

| Рб | К-то | Елементи | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09/2025 | Стр | 01-09/2024 | Стр | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 765 | Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврските | 34,297,356 | 32,135,760 | 28,830,322 | 95,263,438 | 85.12 | 70,432,078 | 83.44 | 35.26 |
| 2 | 766 | Приходи од ефект од заштита од ризик | 0 | 0 | 244,031 | 244,031 | 0.22 | 0 | 0.00 | 0.00 |
| 3 | 769 | Останати приходи од работењето | 5,504,480 | 4,881,881 | 6,022,787 | 16,409,148 | 14.66 | 13,974,298 | 16.56 | 17.42 |
| | | ***Вкупно*** | ***39,801,836*** | ***37,017,641*** | ***35,097,140*** | ***111,916,617*** | ***100*** | ***84,406,376*** | ***100*** | ***32.59*** |

Во останати приходи се приходи од наплатени тужени и отпишани побарувања, приходи од наплатените штети од осигурителни компании за пријавени штети на имот, приходи од користење одморалишта, приходи од заокружување и усогласување со Билинг, приходи по основ на субвенции и донации, приходи од наплата на банкарска гаранција (заштита од ризик) и останати приходи од редовно работење на Претпријатието.

Во продолжение даден е преглед на приходите к-то 765 – Приходи од наплатени отпишани побарувања од предходни години:

| Рб | К-то | Елементи | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09.2025 | Стр | 01-09.2024 | Стр | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 76501 | Приходи од наплатен главен долг по тужби-стопанство | 3,530,144 | 4,741,994 | 6,140,598 | 14,412,736 | 15.13 | 7,340,540 | 10.42 | 96.34 |
| 2 | 765011 | Приходи од наплатен главен долг по тужби-домаќинство | 23,146,562 | 21,717,757 | 17,611,294 | 62,475,613 | 65.58 | 49,246,591 | 69.92 | 26.86 |
| 3 | 765014/ 76502 | Приходи од наплатени трошоци од тужби домаќинство и стопанство | 5,688,626 | 4,549,607 | 4,203,156 | 14,441,389 | 15.16 | 11,429,731 | 16.22 | 26.35 |
| 4 | 76503 | Приходи од наплатени отпишани побарувања | 465,519 | 61,772 | 44,830 | 572,121 | 0.60 | 0 | 0 | 0.00 |
| 5 | 765063 /0630 7652 | Приход по основ наплатени застарени побарувања | 1,466,505 | 1,019,800 | 875,275 | 3,361,580 | 3.50 | 2,415,217 | 3.43 | 39.18 |
| | | ***Вкупно приходи од отпиш.поб.*** | ***39,801,836*** | ***36,975,811*** | ***35,141,970*** | **95,263,439** | ***100*** | **70,432,079** | ***100*** | ***32.60*** |

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.09.2025 година приходите од наплатени тужени и отпишани побарувања бележат **зголемување од 32,60% и во апсолутен износ од 24,831,360.00 денари** како резултат на спроведена акција за отплата на долгови без камата за корисници од домаќинство (од 17.02.2025год. до 02.04.2025год.) со Одлука на Управен одбор.

Во продолжение даден е преглед на Останатите приходи од работењето на претпријатието:

| Рб | К-то | Елементи | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09.2025 | Стр | 01-09.2024 | Стр | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 7691 | Приходи од наплатени штети од осигурителни компании | 332,867 | 423,649 | 174,630 | 931,146 | 5.67 | 412,603 | 2.95 | 2,26п |
| 2 | 7692 | Останати приходи (извршители, казнени пенали, др.надомести) | 139,174 | 109,889 | 1,104,114 | 1,353,177 | 8.24 | 320,165 | 2.29 | 4,22п |
| 3 | 76992 | Приходи по основ на донации | 4,237,426 | 4,284,508 | 4,323,492 | 12,845,426 | 78.27 | 13,135,901 | 94.00 | -2.21 |
| 4 | 76999 | Приходи од минати години | 795,013 | 66,835 | 420,551 | 1,282,399 | 7.81 | 105,628 | 0.76 | 12,14п |
| | | ***Вкупно останати приходи*** | ***39,801,836*** | ***36,975,811*** | ***35,141,970*** | ***16,412,148*** | ***100*** | ***13,974,297*** | ***100*** | ***17.45*** |

Останатите приходи во периодот од 01.01.2025 година до 30.09.2025 година ***се зголемени за 17,45%*** и истите се приходи од наплата на штети од осигурителни компании и приходи од донирани средства чија амортизација се евидентира како приход до висина на спротивставените трошоци – амортизација

## 5. Капитализирано сопствено производство

| Рб | К-то | Елементи | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09.2025 | 01-09.2024 | Инд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 745 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 7,074,142 | 5,629,939 | 0 | 12,704,081 | 1,267,553 | / |
| | | ***Вкупно*** | ***7,074,142*** | ***5,629,939*** | ***0*** | ***12,704,081*** | ***1,267,553*** | / |

Согласно МСС 16 *„Набавната вредност на средствата кои се изведуваат во сопствена режија се утврдува со користење на истите принципи како и за стекнување на средството„. Капитализираните сопствено создадени добра се евидентираат на приходи врз основа на употреба на сопствените добра, а издатоците за создавање на употребната вредност истовремено се евидентира и како трошок за создавање на добрата (капитализација на сопствени трошоци).*

За периодот 01-09.2025 година ЈП Водовод и канализација – Скопје беа реконструирани следните водоводни мрежи во сопствена режија, за што всушност се искажани приходи за капитализирано сопствено производство.

| Р.бр. | Назив | Набавено во 2025г. |
|---|---|---|
| Сектор Водовод - Сопствена Режија | | |
| | Реконструкција на водоводна мрежа по дел од улица „1„(пат за Батинци) | 573,649 |
| | Монтажа на водомери на парковска мрежа - Тафталиџе | 1,515 |
| | Монтажа на водомери на парковска мрежа -„парковски шахти„ - Тафталиџе | 3,940 |
| | Монтажа на водомери на парковска мрежа -„парковски шахти„ - Тафталиџе(објект бр.40/2020 и 49/2022) | 10,404 |
| | Монтажа на водомери на парковска мрежа -„парковски шахти„ - Тафталиџе(објект бр.42/2021) | 2,121 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа по дел од улица „1„ ББ село Добри Дол | 944,460 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа по крак на ул.60-населба Волково | 390,010 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа по дел од ул.1 -Стопански Двор | 1,080,850 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа ул.Индустриска-ББ (до Мерцедес) | 1,459,260 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа бул.Борис Трајковски(нов кружен тек-патот кон Батинци) | 268,895 |
| | Поврзување на корисници од стара на нова мрежа ул.Франц Прешерн-нас.Влае | 71,515 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа ул.Љуботенски пат ББ | 251,199 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа по бул.Борис Трајковски Н.М.Пинтија | 2,016,324 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа по ул.Димо Хаџи Димов од ул.Томе Арсовски до ул.Народни Херои во Кисела Вода. | 1,202,787 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа ул.Љуботенски пат.мрежа РЕ 110 | 395,908 |
| | Реконструкција на постоечка водоводна мрежа по ул.Скупи бр.3,5,7, и 9(само крак 7)-нас.Злокуќани | 431,120 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа ул.36-Трубарево(Чукур маало) | 401,478 |
| | Реконструкција на Ф700 ул.Христо Татарчев(кружен тек) | 3,198,646 |
| | **Вкупно довршена мрежа-Сопствена режија** | **12,704,081** |

## II.Расходи од работењето

Расходите од работењето ги опфаќаат;

- Трошоци за суровини и други материјали
- Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар,амбалажа и авто гуми
- Услуги со карактер на материјални трошоци
- Останати трошоци од работењето
- Трошоци за вработени
- Амортизација на материјални и нематеријални средства
- Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства
- Останати расходи од работењето

### 1. Трошоци за суровини и други материјали

| *Рб* | *К-то* | *Елементи* | *I квартал (01-03.2025)* | *II квартал (04-06.2025)* | *III квартал (07-09.2025)* | *01-09/2025* | *Стр* | *01-09/2024* | *Стр* | *Инд* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 401 | Трошоци за материјали за одржување | 7,148,531 | 9,195,316 | 10,596,082 | 26,939,929 | 10.08 | 24,919,241 | 10.98 | 8.11 |
| 2 | 405 | Трошоци за резервни делови за тековно и инвестиционо одржување | 11,322,464 | 9,472,878 | 9,261,378 | 30,056,720 | 11.25 | 16,409,079 | 7.23 | 83.17 |
| 3 | | ***Вкупно вградени материјали и делови од залихи(401+405)*** | ***18,470,995*** | ***18,668,194*** | ***19,857,460*** | ***56,996,649*** | ***21.33*** | ***41,328,320*** | ***18.21*** | ***37.91*** |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија | 75,748,060 | 54,621,886 | 76,030,393 | 206,400,339 | 77.24 | 171,357,702 | 75.52 | 20.45 |
| 5 | 408 | Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и авто гуми | 990,177 | 928,322 | 1,907,817 | 3,826,316 | 1.43 | 14,207,282 | 6.26 | -73.1 |
| | | ***Вкупно:*** | ***95,209,232*** | ***74,218,402*** | ***97,795,670*** | ***267,223,304*** | ***100*** | ***226,893,304*** | ***100*** | ***17.77*** |

Трошоците за материјали **конто 401** и трошоците за резервни делови и материјали за тековното и инвестиционо одржување **конто 405** се анализираат заедно од причина што тие ги искажуваат трошоците за употребените залихи на материјали, резервни делови од магацините на претпријатието, потребен алат и инвентар за работа како и ХТЗ опрема за заштита при работа. Вкупниот износ за период од 01-09/2025 изнесува 56,996,649.00 денари, додека во периодот од 01-09/2024 истите изнесуваат 41,328,320.00 денари.

Во продолжение следи детална поделба на ***трошоците за материјали К-то 401***

| Рб | к-то | Елементи | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09/2025 | Стр | 01-09/2024 | Стр | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4010 | Потрошен канцелариски материјал | 583,410 | 388,704 | 314,083 | 1,286,197 | 4.77 | 1,217,314 | 4.89 | 5.66 |
| 2 | 40109 | Потрошени материјали за одржување на објекти | 298,119 | 221,346 | 278,021 | 797,486 | 2.96 | 801,921 | 3.22 | -0.55 |
| 3 | 40110 40111 | Потрошени суровини и материјали за тековно одржување | 3,531,752 | 4,497,368 | 5,234,492 | 13,263,612 | 49.23 | 14,466,685 | 58.05 | -8.32 |
| 4 | 40113 | Потрошен материјал за тековно одржување - хлор | 2,194,001 | 2,523,786 | 2,659,075 | 7,376,862 | 27.38 | 4,814,978 | 19.32 | 53.21 |
| 5 | 4012 | Потрошен помошен материјал за одржување хигиена | 107,614 | 78,719 | 56,958 | 243,291 | 0.90 | 185,990 | 0.75 | 30.81 |
| 6 | 4014 4016 | Трошоци за заштита при работа (униформи, работни одела и обувки - ХТЗ опрема) | 433,635 | 1,485,393 | 2,053,453 | 3,972,481 | 14.75 | 3,432,353 | 13.77 | 15.74 |
| | | ***Вкупно:*** | ***7,148,531*** | ***9,195,316*** | ***10,596,082*** | ***26,939,929*** | ***100*** | ***24,919,241*** | ***100*** | ***8.11*** |

**Трошоците за материјали, конто- 401**, ги опфаќаат трошоците за материјали за редовно работење и за тековно одржување на водоводната инфраструктура, пумпни и хидрофорски станици, лабараторија, машинобраварска работилница, (во најголем дел, трошоци за материјали за тековно одржување, трошоци за ХТЗ опрема униформи и други работни одела и обувки и сл.материјал, трошоци за градежните материјали од градежната група од Сектор ЕОК кои се користат за одржување на објектите на претпријатието, потрошокот на канцелариски материјали и сл.материјали.)

Овие трошоци за периодот од 01-09/2025 вкупно бележат **зголемување за 8,11%** во споредба со истиот период од 2024 година како резултат на зголемување на трошокот за набавка на хлор за хлорирање на водоводната мрежа од ***53,21% заради зголемување на цената на хлор на пазарот.*** Во период 01-09.2024 потрошени се 38.700 литри хлор за дезинфекција на водата за пиење а во период 01-09.2025 година потрошени се 40.350 литри хлор.

Во продолжение деталнa поделба на ***трошоците за резервни делови К-то 405***

| Рб | К-то | Елементи | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09/2025 | Стр | 01-09/2024 | Стр | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4052 | Потрошени резервни делови за тековно одржување | 3,567,544 | 3,116,834 | 8,048,624 | 14,733,002 | 49.02 | 11,733,200 | 71.50 | 25.57 |
| 2 | 4053 | Потрошени резервни делови за инвестиционо одржување (сопствена режија) | 7,074,142 | 5,629,939 | 0 | 12,704,081 | 42.27 | 1,267,553 | 7.72 | 10,02п |
| 3 | 4056 | Потрошени резервни делови вградени во возила | 680,778 | 726,105 | 1,212,755 | 2,619,638 | 8.72 | 3,408,326 | 20.77 | -23.14 |
| | | **Вкупно:** | **11,322,464** | **9,472,878** | **9,261,379** | **30,056,721** | **100** | **16,409,079** | **100** | **83.17** |

**Трошокот за резервни делови (конто 405)**, во периодот за 01-09/2025 бележи зголемување за 83.17% во однос на периодот од 01-09/2024 а се однесува на потрошени резервни делови за инвестиционо одржување на канализационата и водоводната мрежа и нивна капитализација во сопствена режија.
Трошоците за инвестиционо одржување во износ од 12,704,081.00 денари се спротивставуваат со приходите од капитализирано сопствено производство во ист износ од 12.704.081.00 денари, со што се утврдува зголемување на инвестициони активности во поглед на реконструкции на водоводни мрежи и нивно активирање. Трошоците за резервни делови за тековно одржување исто така бележат раст од 25.57% во однос на истиот период 2024 година поради санирање на дефекти на водоводната инфраструктура.

Во продолжение деталнa поделба на ***трошоците за енергија -Конто 403***

| Рб | к-то | Елементи | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09/2025 | 01-09/2025 | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4030 | Потрошена електрична енергија | 70,766,690 | 51,693,371 | 73,305,484 | 195,765,545 | 159,381,011 | 22.83 |
| 2 | 40300 | Надомест за пристап на ел.дистриб. систем | 171,636 | 171,000 | 169,550 | 512,186 | 460,417 | 11.24 |
| 3 | 4031 | Потрошена топлотна енергија | 439,568 | 149,787 | 80,692 | 670,047 | 1,046,486 | -35.97 |
| 4 | 40320 | Потрошена масло (уље за машини и возила) | 145,355 | 191,432 | 37,185 | 373,972 | 490,255 | -23.72 |
| 5 | 40321 | Потрошена нафта за греење | 1,719,438 | 0 | 0 | 1,719,438 | 1,774,900 | -3.12 |
| 6 | 4033 | Потрошено гориво за товарни и лесни возила (нафта) | 2,193,892 | 2,068,710 | 2,188,630 | 6,451,232 | 6,811,188 | -5.28 |
| 7 | 4034 | Потрошено гориво за лесни и товарни возила (бензин) | 246,605 | 282,267 | 241,827 | 770,699 | 1,235,710 | -37.63 |
| 8 | 4035 4039 | Потрошени брикети и други цврсти горива, оксиген боци | 64,876 | 65,319 | 7,025 | 137,220 | 157,735 | -13.01 |
| | | **Вкупно:** | **75,748,060** | **54,621,886** | **76,030,393** | **206,400,339** | **171,357,702** | **20.45** |

Трошокот за електрична енергија од 01-09/2025 година забележува зголемување од 22,83% во однос на истиот период за 2024 година.
Во периодот од 01-09/2025 година ***потрошени се 21,526,981 kWh електрична енергија што компарирано со истиот период во 2024 година покажува зголемување за 2,874,167 kWh или за 15 %.***

Зголемените трошоци за електрична енергија во претпријатието се резултат на:

- ***Разликата во цената*** за потрошена електрична енергија во однос на истиот период во 2024 година. Во продолжение се дадени податоци за цената на електрична енергија според HUPEX ( EUR/MWh), по месеци за периодот 2024/2025: јан 85.73/140.19, фев 69.35/158.88, март 65.12/109.02, април 61.96/ 85.46, мај 72.21/ 80.89, јуни 91.72/ 84.10, јули 135.54/ 102.56, авг 120.81/ 81.00, сеп 106.10/ 102.
- ***Зголемената потрошувачка на електрична енергија*** поради зголемено производството на вода со целосно вклучување и работа на бунарските подрачја и пумпните станици поради зголемена потрошувачка на вода во летните месеци

Во периодот од 01-09/2025 година се забележува и **намалување на трошок за потрошено гориво** (нафта) за товарни возила во износ од -5,28% во споредба со 2024 година во истиот период како и трошокот за бензин и тоа за -37,63%.

Во оваа категорија на трошоци намален е трошокот и за набавка на масла, уље и нафта за агрегати во износ од 23,72% .

## 2. Набавна вредност на продадени стоки и услуги

| ***Р.б*** | ***к-то*** | ***Назив*** | ***I квартал (01-03.2025)*** | ***II квартал (04-06.2025)*** | ***III квартал (07-09.2025)*** | ***01-09.2025*** | ***01-09.2024*** | ***Инд.*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 703 | Набавна вредност на продадени стоки и услуги | 133,243 | 37,570 | 192,158 | 362,971 | 131,990 | 2.75 п |
| | | ***Вкупно:*** | ***133,243*** | ***37,570*** | ***192,158*** | ***362,971*** | ***131,990*** | ***2.75 п*** |

Набавната вредност на продадени стоки и услуги **К-то 703** го опфаќа трошокот од продажба на материјалите и резервните делови од магацин за извршување на услугите на корисниците околу приклучување кон водоводната и канализациона мрежа.

## 3.Услуги со карактер на материјални трошоци

| К-то | Елементи | I квартал (01-03.2025) | II квартал (04-06.2025) | III квартал (07-09.2025) | 01-09/2025 | Стр | 01-09/2024 | Стр | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 411 | Транспортни услуги Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 1,091,001 | 1,732,904 | 2,025,536 | 4,849,441 | 6.93 | 5,023,335 | 8.36 | -3.46 |
| 413 | Услуги за одржување и заштита на материјални и нематеријални средства | 8,041,668 | 17,837,855 | 24,080,644 | 49,960,167 | 71.36 | 41,871,065 | 69.64 | 19.32 |
| 414 | Наемнини – лизинг | 156,101 | 175,378 | 175,489 | 506,968 | 0.72 | 566,802 | 0.94 | -10.56 |
| 415 | Комунални услуги (собирање и изнесување на смет, комунална рента и др.) | 667,746 | 1,561,977 | 563,337 | 2,793,060 | 3.99 | 2,637,434 | 4.39 | 5.90 |
| 416 | Трошоци за истражување и развој (истражување на нови алтернативи, геодетски елаборати) | 4,940,400 | 645 | 1,606 | 4,942,651 | 7.06 | 109,746 | 0.18 | |
| 419 | Останати услуги (печатење на сметки, регистрација на возила, контрола на квалитет, атестирање и др) | 2,095,041 | 3,063,181 | 1,799.721 | 6,957,943 | 9.94 | 9,915,144 | 16.49 | -29.83 |
| | **Вкупно:** | **16,991,957** | **24,371,940** | **28,646,333** | **70,010,230** | **100** | **60,123,526** | **100** | **16.44** |

Услугите со карактер на материјални трошоци во периодот од 01-09/2025 година бележат **зголемување од 16,44%** во однос на истиот периодот во 2024 година.

